Изборни плакати можат да се истакнуваат и на станбени или други приватни објекти, со претходна согласност (одобрение) од сопственикот на објектот.

**Член 5**

Во селата од подрачјето на Општината Битола се дозволува без надоместок лепење на плакати на слободните површини погодни за таква намена, односно на стамбени или други приватни објекти со претходна согласност (одобрение) од сопственикот на објектот.

**Член 6**

Не се дозволува лепење плакати на објекти и фасади под заштита, односно на културно-историски споменици, спомен обележја и бисти, телефонски и електрични кабли, како и на столбови од светлосна сигнализација-семафори.

**Член 7**

Дополнителните места за истакнување изборни плакати со надоместок се утврдуваат врз основа на барање од организаторот на изборната кампања по претходна согласност на Одделението за комунални

работи и уредување на градежното земјиште.

Барањето за користење дополнителни места за истакнување паноа со изборни плакати се доставува најдоцна 3 дена пред денот определен за почеток на изборната кампања.

Висината на надоместокот се определува за секое истакнато пано согласно зонирањето утврдено во Програмата за уредување на градежното земјиште на Општината Битола и тоа:

за I -зона 15.000 ден.
II -зона 10.000 ден.
III -зона 5.000 ден.

**Член 8**

Организаторите на изборната кампања, во рок од 30 дена по завршувањето на изборите должни се да ги отстранат своите паноа и плакати од објектите и просторот.

**Член 9**

Непридржувањето кон утврдените места и определените услови повлекува казна за сторен прекршок според казнените одредби од Изборниот законик

**Член 10**

Надзорот над примената на оваа Одлука ќе го врши Општинскиот инспекторат.

**Член 11**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр.09-30/10 ПРЕТСЕДАТЕЛ
14.03.2019 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за начинот на користење на просториите во домовите на урбаните и месните заедници, за организирање предизборни собири од страна на организаторот на изборната кампања од подрачјето на Општината Битола

1. Ја објавувам Одлуката за начинот на користење на просториите во домовите на урбаните и месните заедници, за организирање предизборни собири од страна на организаторот на изборната кампања од подрачјето на Општината Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 14.03.2019 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-255/9 ГРАДОНАЧАЛНИК
18.03.2019 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 82 од Изборниот законик („Службен весник на РМ” бр.40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 44/11, 51/11, 54/11 и 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола, на седницата одржана на 14.03.2019 година, донесе

## О Д Л У К А
## за начинот на користење на просториите во домовите на урбаните и месните заедници, за организирање предизборни собири од страна на организаторот на изборната кампања од подрачјето на Општината Битола

**Член 1**

Со оваа одлука се регулира начинот на користење на просториите во домовите на урбаните и месните заедници, за организирање предизборни собири од страна на организаторот на изборната кампања од подрачјето на Општината Битола.

**Член 2**

На организаторите на изборната кампања на подрачјето на Општината Битола им се овозможуваат еднакви услови за користење на просториите на домовите на урбаните и месните заедници во Општината за одржување на своите предизборни собири.

**Член 3**

Предизборните собири можат да се организираат во просториите на следните урбани и месни заедници:

Во градот:

„Даме Груев” „Коле Лачето”
„Борис Бастерот” „Ѓорѓи Наумов”
„Александар Туручќев” „Панде Кајзерот”
„Тодор Ангелевски” „Јонче Мурџевски”
„Естреа Мара” „Таки Даскало”
„Стив Наумов”
„Димитар Влахов” „Стево Патако”
„Ѓорѓи Сугарев” „Блаже Рогозинарот”
„Васко Карангелевски” „Коле Канински”

Во населените места:

с. Буково с. Породин
с. Брусник с. Кукуречани
с. Лавци с. Лопатица
с. Крклино с. Лисолај
с. Логоварди с. Црнобуки
с. Кравари с. Црнеец
с. Поешево с. Канино
с. Бистрица с. Кажани
с. Барешани с. Лера
с. Драгош с. Рамна
с. Егри с. Цапари

**Член 4**

Користењето на горенаведените простории во урбаните и месните заедници е без надоместок.

Организаторот на предизборните собири е должен просториите да ги користи како добар домаќин, а сите настанати штети ќе ги надомести на своја сметка во рок од 24 часа.

**Член 5**

Дозвола за одржување предизборни собири ја дава одговорното лице во урбаната и месната заедница, организаторот на предизборниот собир во договор со одговорното лице во урбаната и месната заедница, обезбедува слободен термин за одржување на предизборниот собир. Организаторот на предизборниот собир е должен да достави барање до одговорното лице во урбаната и месната заедница, најдоцна 3 дена пред денот на одржувањето на собирот.

**Член 6**

Користењето на просториите во урбаните и месните заедници за одржување на предизборните собири започнува од 01.04.2019 година.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината”.

Бр.09-30/11 ПРЕТСЕДАТЕЛ
14.03.2019 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши усогласување на намената и вклопување на бесправните објекти во идна урбанистичко планска документација КП бр. 16023/3

1. Ја објавувам Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши усогласување на намената и вклопување на бесправните објекти во идна урбанистичко планска документација КП бр. 16023/3, донесена на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 14.03.2019 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-255/10 ГРАДОНАЧАЛНИК
18.03.2019 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 2 став (1), алинеја 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен Весник на РМ“ бр. 56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15 и бр.217/15) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. Гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 14.03.2019 година донесе

## О Д Л У К А
## за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши усогласување на намената и вклопување на бесправните објекти во идна урбанистичко планска документација КП бр. 16023/3

### Член 1

Со оваа Одлука се утврдува потреба од донесување на урбанистичко планска документација,со која ќе се изврши усогласување на намената на бесправниот објектсо намена А1-1 – станбени куќи со дворови - самостојни, со наменатана земјиштето, утврдена во важечката урбанистичко планска документација –ДУП – деловни објекти и зеленилои вклопување на истиот во идна урбанистичко планска документација.

УП 1 бр.27-4421/2011, **КП бр.16023/3КО Битола,** зграда бр.1 (А1-1)**,**
(Ристе Стојковски)

### Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-30/12 ПРЕТСЕДАТЕЛ
14.03.2019 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Програмата за измени на Програмата за туризам за 2019 година

1. Ја објавувам Програмата за измени на Програмата за туризам за 2019 година, донесена на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 14.03.2019 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-255/11 ГРАДОНАЧАЛНИК
18.03.2019 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 22 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 14.03.2019 год., донесе

## П Р О Г Р А М А
## за измени на Програмата за туризам за 2019 година

Општина Битола со својата местоположба (непосредната близина со Р. Грција членка на ЕУ, поставеноста на историски важната рура, позната како патот VIA EGNATIA, блискоста до охридскиот и солунскиот аеродром, природото богатството (планината Баба со единствена флора и фауна, потенцијалите за развој на зимските спортови итн.), културните атрактивности (богатата историјата и традиција, културни споменици и знаменитости, манифестации и фестивали) ги има сите предуслови за развивање на туризмот како еден од најважите двигатели на општествениот развој.

Тому поради ова Општина Битола во стратегијата за социо-економски развој особен акцент му придава на развојот на туризмот како глобален тренд и гранка со исклучителен потенцијал и можности. Во тој контекст оваа предлог програма нуди низа мерки, активности, проекти и иницијативи чија цел е динамичен и комплементарен развој на туризмот во Општина Битола.

Постигнувањето на таа цел е можно со мобилизирање на сите потенцијали и субјекти во правец на подигање на нивото на организациска поставеност, координација, стандардизација, валоризација и промоција на на туристичките потенцијали поставувајќи ја Битола на врвот на мапата на туристичките дестинации во регионот.

Во продолжение се претставени сет на активности, мерки, иницијативи и проекти кои во правец на постигнување на визијата, „Битола, атрактивна туристичка дестинација“.

**1. Отворање на туристички инфо биро и промоција на истото.**

Досегашното искуство покажа дека постоењето на информативно-туристичко биро или пункт е основен стандард во сите развиени туристички средини. Освен промотивната функција како објект, неговата улога е информативно-промотивна како кон туристичките посетители така и кон туристичките субјекти од градот: давање на информации за сместување, посета на знаменитости (Стара турска чаршија, антички град Хераклеја, Музеј на град Битола, Градскиот часовник со Широк Сокак, „Меморјален парк на Евреите од Битола,, и др), влезници за настани и манифестации, објекти, продажба на туристичка мапа, водич, разгледници и сл.

Во зависнот од развојот на ситуацијата обврските и активностите на инфо бирото можат да се зголемуваат во правец на подобрување на туристичката промоција на Битола односно ова биро да ја игра улогата на извршно тело на програмата за развој на туризмот.

Функцијата на бирото налага истото да биде лоцирано на препознатлива локација во централното градско јадро (искуствата покажаа дека е добро да биде со излог, достапен и во објект со културно-историско значење ) или слична атрактивна локација.

**2. Промотивни активности**

**Опис на активности**

- Издавање на туристички брошури
- Туристички разгледници
- Мапа на градот
- Изработка на маскота на градот-проект
- Избор и промоција на туристичко лого на Битола
- интеренет промоции на домашни и странски портали, публикации и сл.
- саеми и други туристички манифестаци
- Промотвни активности за обука на локалното население за подобар однос кон туристите.
- Промоција и стимулирање на велосипедскиот туризам
- Формирање Туристичка волонерска патрола-ТИМ
- Развој на туристички производ - Брендирање на туристички производ
- обуки и стандардизација на туристичките субјекти
- Destination management organization – имплементација,
- Мапирање и промовирање на локални знаменитости (Стара турска чаршија, антички град Хераклеја, Музеј на град Битола, Градскиот часовник со Широк Сокак, „Меморјален парк на Евреите од Битола“ и др)

Промотивните активности се и тоа како важен во процесот на подобрување на туристичката понуда, привлекување и анимирање на посетители и сл. Добро подготвената промотивна стратегија, квалитетно публикуваните промотивни материјали, нивната соодветна дистрибуција, се основни стандарди во промоцијата на туризмот на една средина.

**3. Промоција на активности на НП Пелистер за развој на туризмот**

За развојот на туризмот на територија на општина Битола многу придонесува и состојбата на Националниот парк

„Пелистер“. За таа цел изработени се неколку студии и имплементирани, но секако има место за нови и поиновативни. За таа цел општина Битола ќе финансира промоција на активности преземени од страна на НП Пелистер за развој на туризмот во Националниот парк на дел од изготвена Програма од нивна страна за цела 2019 г. и која ќе биде доставувана на усвојување од страна на Општина Битола. По завршување на известувачкиот период (2019 г.) НП Пелистер е должен да достави Извештај за користените средства до Општина Битола. Дел од средствата за реализација на оваа Програма општина Битола ќе им ги префрлува на крајниот корисник на квартално ниво. Сите овие активности ќе се регулираат со обостран потпишан Меморандум за соработка помеѓу општина Битола и НП Пелистер за што ќе следи и меѓусебен договор

**4. Тековни активности на одговорните лица за туризам**

- Контакт со ЗЕЛС и Агенција за промоција и поддршка на туризмот
- Контакт и поддршка на чинителите на туризмот во Општина Битола
- Одржување на средби, состаноци, обуки, работилници и др.со членовите за Координативното тело за туризам
- Иницирање акции, промотивни активности, проекти и сл. во насока на подобрување на условите за работа во областа на туризмот, и поквалитетна туристичка понуда на Битола.
- Посета на значајни туристички манифестации и воспоставување контакти од важност за развој на туризмот во Општина Битола.
- Одржување на база на податоци на туристички субјекти и лиферување информации од важност за истите.
- Други активности во правец на развој на туризмот во Општина Битола

**ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА**
**на Програмата за туризам во Општина Битола**
**За 2019 година**

| Ред. Бр. | шифра | Извор на приходи | Износ |
|---|---|---|---|
| 1 | 717111 | Комунална такса за привремен престој | **1.580.000,00** |
| | | **ВКУПНО:** | **1.580.000,00** |

**ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА**
**на Програмата за туризам во Општина Битола**
**За 2019 година**

| Ред. Бр. | Програма Г2 | Расходи | Износ (ден.) |
|---|---|---|---|
| 1 | 424210 | Отворање на туристички инфо биро и промоција на истото. | **400.000,00** |
| 2 | 425 920 | Промотивни активности | **600.000,00** |
| 3 | 464 990 | Промоција на активности на НП Пелистер за развој на туризмот | **500.000,00** |
| 4 | 426 (310,410) | Тековни активности на одговорните лица (посета на настани, саеми, промоции, обуки,семинари, состаноци на координативното тело и учество во други активности релевантни за развој на туризмот во Општина Битола. | **80.000,00** |
| | | **Вкупно:** | **1.580.000,00** |

Структурата на поединечните трошоци во рамките на вкупно предвидениот износ ќе се определува согласно спроведените јавни набавки за истите.

Исплатата на трошоците ќе се врши од соодветните планирани ставки од Буџетот на Општина Битола

Програмата влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-30/13 ПРЕТСЕДАТЕЛ
14.03.2019 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за измена на Одлуката за давање согласност на проектот „ Интеграција на Зелен транспорт во Градовите “ од првиот повик од Програмата за прекугранична соработка со Грција 2014-2020**

1. Ја објавувам Одлуката за измена на Одлуката за давање согласност на проектот „ Интеграција на Зелен транспорт во Градовите “ од првиот повик од Програмата за прекугранична соработка со Грција 2014-2020, донесена на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 14.03.2019 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-255/12 ГРАДОНАЧАЛНИК
18.03.2019 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општина Битола на седницата одржана на 14.03.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за измена на Одлуката за давање согласност на проектот „ Интеграција на Зелен транспорт во Градовите “ од првиот повик од Програмата за прекугранична соработка со Грција 2014-2020**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши измена во член 1 од Одлуката за давање согласност на проектот „Интеграција на Зелен транспорт во Градовите“ Integration of Green Transport in Cities од Програмата за прекугранична соработка со Грција 2014-2020 (Interreg IPA Programme Greece-Former Yugoslav Republic of Macedonia 2014-2020), („Сл. Гласник на Општината Битола“ бр.4/2016) и истиот гласи:

Со оваа Одлука се прифаќа за имплементација проектот „Интеграција на Зелен транспорт во Градовите“ Integration of Green Transport in Cities со акроним Green Inter -e- Mobility со вкупно планиран буџет од 1.017.627,40 евра од кои 196.330,00 евра се планирани за Општина Битола. Партнери во проектот се:

- Технолошко образовен институт на Западна Македонија (Technological Education Institution of Western Macedonia (TEIWM) од Република Грција со буџет од 141.910,00 евра; (Водечки партнер)
- Општина Битола со буџет од 196.330,00 евра;
- Општина Ресен со буџет од 180.017,40 евра;
- Општинско Претпријатие од Преспа (Municipal Enterprice of Prespa) од Република Грција со буџет од 210.120,00 евра;
- Општина Флорина (Municipality of Florina) од Република Грција со буџет од 210.030,00 евра
- Универзитет Патрас (University of Patras UPAT) од Република Грција со буџет од 79.220,00 евра

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-30/14 ПРЕТСЕДАТЕЛ
14.03.2019 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
### за објавување на Одлуката за имплементација на проектот од Програмата за вршење услуги за менаџмент на природни ресурси „Меѓународна програма за соработка Интеррег Балкан Средоземје 2014-2020 “ (Providing services for management of natural resources „Transnational Cooperation Programme Interreg Balkan-Mediterranean 2014-2020“

1. Ја објавувам Одлуката за имплементација на проектот од Програмата за вршење услуги за менаџмент на природни ресурси „Меѓународна програма за соработка Интеррег Балкан Средоземје 2014-2020“ (Providing services for management of natural resources „Transnational Cooperation Programme Interreg Balkan-Mediterranean 2014-2020“, донесена на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 14.03.2019 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-255/13 ГРАДОНАЧАЛНИК
18.03.2019 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општина Битола на седницата одржана на 14.03.2019 година, донесе

## О Д Л У К А
### за имплементација на проектот од Програмата за вршење услуги за менаџмент на природни ресурси „Меѓународна програма за соработка Интеррег Балкан Средоземје 2014-2020“ (Providing services for management of natural resources „Transnational Cooperation Programme Interreg Balkan-Mediterranean 2014-2020“

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност за имплементација на проектот:

Вршење услуги за менаџмент на природни ресурси „Меѓународната програма за соработка Интеррег-Балкан-Средоземје 2014-2020“ („Transnational Cooperation Programme Interreg Balkan-Mediterranean 2014-2020“) со планиран буџет од 106.200 евра.

**Член 2**

Финансирање на проектот е преку „Меѓународната програма за соработка Интеррег-Балкан-Средоземје 2014-2020“ („Transnational Cooperation Programme Interreg Balkan-Mediterranean 2014-2020“)

Учеството на Општина Битола во проектот е во висина од 16.000 евра и ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општина Битола со наредниот ребаланс .

**Член 3**

Со овој проект во времетраење од две години ќе бидат пренесени најдобри земјоделски практики ќе биди изработена методологија за пресметување на квалитетот на земјоделското земјиште. Ќе биди изработен и дигитален модел во кој ќе бидат достапни податоците од анализите.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Битола”, а ќе се применува од денот на потпишување на договорите за имплементација.

Бр.09-30/15
14.03.2019 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Валентин Груевски

# С О Д Р Ж И Н А

З А К Л У Ч О К за усвојување Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општината Битола за четвртиот квартал од 2018 година ........................................................... 1

З А В Р Ш Н А С М Е Т К А НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА БИТОЛА ЗА 2018 ГОДИНА..... 2

З А К Л У Ч О К за усвојување Годишниот извештај за работата на Општината Битола за 2018 година ........................................................... 5

ОДЛУКА за примање на донација - зимзелени садници на Општина Битола дадени од страна на Интерворкс ДООЕЛ Битола ............................. 5

ОДЛУКА за давање овластување на ЈП „Комуналец“ Битола да склучува договори за терминско користење на фудбалското игралиште со вештачка трева „Павел Шатев“ Битола ..................................................................... 6

О Д Л У К А за пристапување кон измени и дополнувања на Статутот на Општината Битола ..................................................................... 7

О Д Л У К А за формирање на тело за одлучување за распределба и трошење на финансиски средства кои се предвидени во Буџетот за 2019 година за преземање на мерки за заштита на животната средина и подобрување на амбиенталниот воздух на подрачјето на Општината Битола......................... 7

О Д Л У К А за утврдување и обележување места за истакнување изборни плакати за избор на Претседател на Република Северна Македонија............................................................ 8

О Д Л У К А за начинот на користење на просториите во домовите на урбаните и месните заедници, за организирање предизборни собири од страна на организаторот на изборната кампања од подрачјето на Општината Битола ...................... 10

О Д Л У К А за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши усогласување на намената и вклопување на бесправните објекти во идна урбанистичко планска документација КП бр. 16023/3............. 12

П Р О Г Р А М А за измени на Програмата за туризам за 2019 година....................................... 12

О Д Л У К А за измена на Одлуката за давање согласност на проектот „ Интеграција на Зелен транспорт во Градовите “ од првиот повик од Програмата за прекугранична соработка со Грција 2014-2020........................... 15

О Д Л У К А за имплементација на проектот од Програмата за вршење услуги за менаџмент на природни ресурси „Меѓународна програма за соработка Интеррег Балкан Средоземје 2014-2020“ (Providing services for management of natural resources „Transnational Cooperation Programme Interreg Balkan-Mediterranean 2014-2020“............................................................ 16

И С П Р А В К А на Програмата за остварување на социјална, детска и здравствена заштита во Оптштина Битола за 2019 година............................. 19

По извршеното срамнување на изворниот текст е констатирано дека во текстот на Програмата за остварување на социјална, детска и здравствена заштита во Општина Битола за 2019 година („Сл. гласник на Општината Битола“ бр. 20/18), направена е техничка грешка, поради што се дава

# ИСПРАВКА

на Програмата за остварување на социјална, детска и здравствена заштита во Општина Битола за 2019 година

Дополнување на активности 1 1 подеднаквост 1.1 и активност 8

**1. Доделување на Еднократна парична помош**
**1.1 Еднократна парична помош на физички лица** изложени на социјален ризик и тоа **се дополнува со:**

- **Поддршка на ученици за натпревар од повисок ранг**

**8. Финансиско учество (кофинансирање)** на Општината при реализација на проекти и програми од областа на здравствената и социјалната заштита, **(се дополнува)** детска заштита, подобрување на човечките капацитети во образовните институции.

Бр 09-40/1
19.03.2019 год.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Битола
Валентин Груевски

**Издавач: Општина Битола**
**тел. 047 234 234; 047 208 300**

Буџет на Општина Битола
Сметка: 703014002963013 Народна банка на Р.М.
Д.Б. 4002996128471
Приходна Шифра 725211